**Состаноци на работната група за изработка на Стратегијата на Владата за соработка со и развој граѓанскиот сектор 2018-2020**
**14 и 15.3.2018, Клуб на органите на управата, Скопје**

**Нормативна, институционална и финансиска рамка за развој на граѓанскиот сектор**

## Група 1:

Цели
1. Подобрување на правната рамка
2. Подобрување на даночното опкружување
3. Унапредување на систамот на државно финасирање
4. Подобрување на институционалната рамка за сорботка

Мерки
1. Измени на Законот за здруженија и фондации (статус на организации од јавен интерес, неформални организации и непартиско дејствување; висина на средства за финансиска поддршка на граѓански организации, критериуми, видови поддршка (проектна, институционална, повеќегодишна, кофинансирање)
2. Донесување на правно задолжителен акт за системот на државно финансирање
3. Измени на Законот за сметководство на непрофитни организации и подзаконските акти
4. Измени на Законот за добивка
5. Формирање на Фондација за финансирање на развој на граѓанските организации
6. Воспоставување и функционирање на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор и зајакнување на неговите капацитети
7. Јакнење на капацитетите на Одделението за соработка со НВО и подигнување на ниво на Сектор/Агенција

## Група 2:

Цели
1. Унапредување на правната рамка за граѓанските организации и нејзино хармонизирано спроведување и поддршка на механизмите преку кои граѓанските организации обезбедуваат финансиски средства од други извори
2. Воспоставување на функционален Совет за соработка со и развој на граѓанскиот сектор

3. Зајакната институционална рамка и практики на соработка (вклучително и Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат и Мрежата на државни службеници за соработка со граѓанскиот сектор)
4. Подобрување на условите за користење на приходите стекнати од економски дејности
5. Транспарентен систем/реформа/воведување на процесот на доделување на финансиски средства од страна на државните органи и локалната самоуправа и одговорно користење на финансиските средства од страна на граѓанските организации

Мерки

1. Следење на спроведувањето на Законот за здруженија и фондации и други закони релевантни за граѓанските организации, особено спроведувањето на одредбите за дејности со кои се стекнува добивка
2. Развивање на механизми на јавната политика за поддршка од страна на државата и локалната самоуправа од други извори (пр.деловниот сектор)
3. Формирање на Совет за соработка со и развој на граѓанскиот сектор и донесување на сите документи потребни за работа на Советот
4. Создавање на услови за прераснување на Одделението за соработка со невладини организации на ниво на сектор или тело со сопствен буџет (активности: 1. Подобрување на веб-страницата www.nvosorabotka.gov.mk со информации и датабази, 2. Зајакнување на комуникацијата помеѓу Владата и граѓанскиот сектор (индикатор – Донесување на комуникациска стратегија)
5. Градење на капацитетите на Мрежата на државни службеници за соработка со граѓанскиот сектор и другите релевантни државни службеници за соработка со граѓанскиот сектор
6. Анализа на Законот за игри на среќа и забавни игри од аспект на европските практики и домашните потреби
7. Анализа на потребите и можностите за подобрување на организациската поставеност на надлежните тела за институционална поддршка на граѓанските организации и за кофинансирање на проектите на граѓанските организации
8. Донесување на правно обврзувачки акт за распределба на средства за граѓанските организации од Буџетот.

   8.1 Предлог-одлуката за распределба на средствата од Буџетот наменети за граѓанските организации што се применува на сите органи на државната управа и локалната самоуправа кога финансираат активности, проекти и програми на граѓански организации е утврдена со учество на граѓанскиот сектор и јавноста е консултирана;

8.2 Одлуката е донесена;

8.3 Број на надлежни органи на државната управа и локалната самоуправа коишто донеле нови правилници и ги усогласиле со новата Одлука во текот на првата година од нејзиното донесување.

9. Вклучување на теми за финансирање на граѓанските организации во програмите за обука на државните службеници, подготвени прирачници и модели за финансирање во согласност со актите
10. Унапредување на координацијата и финансирањето на граѓанските организации од органите на државната управа
11. Зголемување на достапноста и дисеминацијата на јавните податоци за регистрираните граѓански организации во Централниот регистар на Република Македонија
12. Зајакнување на капацитетите на граѓанскиот сектор во креирање и следење на јавните политики, особено на acquis; активности за застапување; обезбедување на социјални услуги, како и партнерство со државните органи во спроведувањето на јавните политики преку спроведување на проекти и програми финасирани од буџетот
13. Зголемување на учеството на граѓанските организации во различни меѓународни платформи
14. Создавање на комуникациски мрежи и систем за поддрка за споделување на позитивните примери на меѓусебна соработка со единиците на локалната самоуправа

## Група 3:

Цели

1. Унапредување на правната рамка за граѓанскиот сектор и нејзино хармонизирано спроведување.
2. Воспоставување на функционален Совет за соработка со и развој на граѓанскиот сектор.
3. Зајакната институционална рамка и практики на соработка со граѓанскиот сектор.
4. Информираност и подобрување на правната рамка за регулирање на системот за економски активности/вршење дејности од граѓански организации.
5. Воспоставување на модел за процесот за доделување на финансиски средства и одговорно користење на средствата од страна на граѓанските организации.

Мерки

1. Следење на спроведувањето на Законот за здруженија и фондации по однос на остварување на добивка од економски активности, анализа на потребите за подобрување на одредбите или спроведувањето и активности по препораките.

2. Воспоставување на механизам за увид и следење на програмски и финансиски активности на граѓанските организации.
3. Подготовка на прирачник за граѓански организации и органите на државната управа за користење на средства по однос на економски активности со кои се стекнува добивка и нивно следење.
4. Формирање на Совет за соработка со и развој на граѓанскиот сектор и донесување на сите документи потребни за работа на Советот.
5. Анализа на можноста за зајанкнување на капацитетите на Одделението за соработка со невладини организации на Генералнио секретаријат на ниво на сектор.
6. Подобрување на веб-страницата [www.nvosorabotka.gov.mk](http://www.nvosorabotka.gov.mk) со информации и датабази.
7. Градење на капацитетите на Мрежата државни службеници за соработка со граѓанскиот сектор и унапредување на методите за меѓусебна комуникација и координација на члeновите на мрежата со граѓанскиот сектор.
8. Анализа на спроведувањето на Законот за сметководство на непрофитните организации и подзаконските акти, со препораки и активности по препораките.
9. Анализа на ефектите и избор на најпогоден модел за даночниот третман на граѓанските организации од аспект на данокот на добивка.
10. Анализа на Законот за игри на среќа и забавни игри од аспект на европските практики и домашните потреби.
11. Анализа на потребите и можностите за воспоставување на институционална поддршка на граѓанските организации и за кофинансирање на проектите на граѓанските организации.
12. Донесување на правно обврзувачки акт за распределба на средства за граѓанските организации од Буџетот врз основа на соодветно утврдени критериуми.
13. Воспоставување на механизам за вклучување на граѓанскиот сектор при определување на приоритетните области за финансирање на граѓанските организации.
14. Јакнење на капацитетите на државните службеници преку програмите за обука на државните службеници, подготвени прирачници и модели за финансирање во согласност со актите.
15. Унапредување на координацијата и финансирањето на граѓанските организации помеѓу органите на државната управа.
16. Зголемување на достапноста и дисеминацијата на јавните податоци за регистрираните граѓански организации во Централниот регистар на Република Македонија.
17. Зајакнување на капацитетите на граѓанскиот сектор во креирање и следење на јавните политики, особено на acquis; активности за застапување; обезбедување на социјални услуги, како и партнерство со државните органи во спроведувањето на јавните политики преку спроведување на проекти и програми финасирани од буџетот.
18. Зголемување на учеството на граѓанските организации во различни меѓународни платформи.

19. Создавање на комуникациски мрежи и систем за поддрка за споделување на позитивните примери на меѓусебна соработка со единиците на локалната самоуправа.

**Демократизација, активно учество и учество на граѓанскиот сектор во социјалните и политичките процеси, со посебен фокус на процесите за интеграција во ЕУ**

## Група 1:

Цели

1. Зголемување на учеството на граѓанските организации во сите фази од процесите на креирање политики и донесување закони
2. Зајакнување на партнерството во процесите поврзани со европската интеграција

Мерки

1. Унапредување на примената на Кодексот на добри практики за учество на граѓанскиот сектор во процесот на креирање политики
2. Мража на државни службеници одговорни за консултации (поврзано со Мрежата на државни службеници за соработка со граѓанскиот сектор) и јакнење на нивните капацитети
3. Известување за спроведени консултации
4. Вклучување на граѓанските организации во работни тела за подготовка на преговарачките позиции и преговори со ЕУ
5. Вклучување на граѓанските организации во програмирањето на фондовите за претпристапна помош, нивно следење и препораки

## Група 2:

Цели

1. Подобрување на условите за активно и задолжително учество на граѓанскиот сектор во процесот на креирање политики и донесување закони.
2. Поттикнување на ангажирањето на граѓаните во граѓанскиот сектор и општествените процеси
3. Зајакнување на партнерството во процесите поврзани со европските интеграции
4. Соработка во подготовката на извештаи според ратификувани меѓународни договори и вклучување во инцијативи кон кои пристапила Република Македонија

5. Вклучување на граѓанските организации во планирањето, програмирањето и мониторингот на финансиските средства од странски извори

Мерки

1. Поддржување и прифаќање на постојните платформи на граѓанските организации за структуриран дијалог  и соработка со државните органи во процесот на развој на политиките
2. Донесување на правно-обврзувачки акт за учество на граѓанскиот сектор во процесот на креирање политики и следење на неговата примена (активност: 2.Утврдување на потребите и можностите за законско уредување на постапката за изготвување закони и консултации со засегнатите страни и активности по препораките)
3. Воспоставување модели за вклучување и избор на граѓански организации во работни групи. Следење на консултациите и вклучување на граѓанските организации, определување на контакт лице во секое министерство одговорно за водење на консултациите (активност: Вклучување теми за учество во процесите на креирање политики и донесување закони во програмите за обука на државните службеници)
4. Промовирање на можностите за вклучување на граѓанските организации  во процесот на креирање политики со доставување на мислење и иницијативи за политики преку Единствениот национален електронски регистар на прописи и поттикнување за негово користење (активности: Процент на акти објавени на ЕНЕР за кои е објавен одговор на коментарите од страна на предлагачот; Следење на процент на извештаи за проценка на влијание на регулативата во кои е наведено дека се одржани консултации со граѓанскиот сектор)
5. Утврдување на објективна и транпарентна постапка за задолжително вклучување на претставници од граѓанскиот сектор во секторски работни групи, мониторниг комитет и Национален инвестициски комитет
6. Соработка со претставници на граѓанскиот сектор во спроведување на наставни предмети и активности во училиштата поврзани со темите демократија и граѓански сектор.
7. Активно вклучување и консултирање на граѓанските организации при подготовка на НПАА ( во согласност со темите) и преговарачките позиции за членство во ЕУ; вклучување на претставници на граѓанскиот сектор во работните тела за подготовка на преговарачките позиции и преговори со ЕУ.
8. Анализа на досегашнат вклученост и препораки за подобрување на соработката во дефинирање на националните развојни програми за ЕУ, спроведување на препораките.

9. Анализа за досегашната вклученост во програмирањето и користењето на фондовите за претпристапна помош (а по пристапувањето во ЕУ и други фондови) и нивно следење и порепораки за подобрување.
10. Консултации и соработка на органите на државната управа и граѓанските организации за сеопфатна подготовка на извештаите на Република Македонија за спроведување на ратификуваните меѓународни договори и континуирано исполнување на обврските на Република Македонија.

## Група 3:

Цели

1. Зајакнување на капацитетите на државната администрација и отвореност за вклучување на граѓанскиот сектор во креирањето на политиките и донесување на законите.
2. Поттикнување на граѓаните и граѓанскиот сектор за вклучување во општествените процеси.
3. Развивање на партнерството и зајакнување на довербата помеѓу државната администрација и граѓанскиот сектор во процесите поврзани со европските интеграции.
4. Соработка во подготовка на извештаи до договорните тела според ратификувани меѓународни договори и вклучување во иницијативи кон кои пристапила Република Македонија.

# Граѓанскиот сектор како чинител во социјално-економскиот развој

## Група 1:

Цели

1. Развој на социјалното претприемништво
2. Зголемено учество на граѓанските организации во давање на услуги за потребите на заедницата
3. Поттикнување на поддршка и придонес од граѓаните и деловниот сектор во граѓанскиот сектор

Мерки

1. Подигнување на свеста за социјално претприемништво кај граѓанските организации
2. Донесување на Стратегија за развој на Социјалното претприемништво (2019)
3. Донесување на Закон за социјлано претприемништво (2019)

4. Воведување резервирани јавни набавки за граѓанските организации и социјалните претпријатија во Закоот за јавни набавки (1.2019)
5. Обезбедување финансиска поддршка и развој на претприемачки вештини на граѓанските организации за социјално претприемништво
6. Воведување на социјални договори во обезбедување на државно финансирани услуги (Закон за социјална заштита)
7. Анализа на можностите за обезбедување на државно финансирани услуги во областа на образованието, здравството, културата, младите и др.
8. Промовирање на добри практики
9. Донесување нова Стратегија за промовирање и развој на волонтерството
10. Поттикнување на волонтерски активности и финансиска поддршка на граѓанските организации кои го промовираат волонтерството
11. Измена на Законот за донации и спонзорства во јавните дејности за олеснување на днирањето кон граѓанските организации
12. Организирање „Отворени денови“ за граѓанските организации

## Група 2:

Цели

1. Развој на социјална економија
2. Зголемување на обемот на вклучување на граѓанските организации во давање услуги за потребите на заедницата
3. Поттикнување и развој на волонтерството
4. Поттикнување на граѓаните и деловниот сектор за поддршка и придонес кон граѓанските организации
5. Развивање на партнерства помеѓу јавниот сектор, граѓанските организации и деловниот сектор за постигнување на економски и социјален развој

Мерки

1. Подигнување на свеста за социјално претприемништво за граѓанските организации
2. Создавање на поттикнувачко правно окружување за социјално претприемништво
3. Зајакнување на капацитетите на граѓанските организации за социјално претприемништво
4. Воспоставување на квалитетна рамка за одржливост на социјалните услуги кои ги пружаат граѓанските организации
5. Развивање модели на вклученост во областа на образованието (неформално и формално), здравството, културата и др.
6. Промовирање и поттикнување на модели и механизми за соработка на локално ниво
7. Поттикнување и развивање на волонтерски програми во организациите/установите кои пружаат услуги (активност: ревидирање на правната рамка)

8. Унапредување на правната рамка која ќе овозможи поголема поддршка и придонес  на граѓаните и деловниот сектор за граѓанските организации (активност: измена и дополнување на законот за донации и спонзорства во јавни дејности и останатите даночни закони)
9. Вклучување на граѓанските организации во развојот на јавно-приватни партнерства
10. Промовирање на модели на три-партитни партнерства (Влада, бизнис и граѓански сектор) во насока на економски развој и социјална кохезија.